**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за култура |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Нада Пешева , Координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 01.01.2019- 31.12.2019 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум,** ________________________

**Име и презиме :**
**Министер за култура**
**Dr. Hysni Ismali**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)**

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**

**Б) Охрабрувачки**

**В) Програмски**

-Министерството за култура согласно Законот за еднаквни можности на жените и мажите има превземено мерки за стимулирање на основни и посебни мерки

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- Број на финансирани проекти од обласга на културата, во кои се обработуваат прашања за родот и родовите политики,

-Сума со која се финанираат проекти од областа на културата, во кои се обработуваат прашања за родот и родовите политики,

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

- Борј на финанисрани проекти од областа на културата поднесени на Конкурс, кои биле оценувани од страна на стручните Комисии на конкурсот, со дополнителни 5 бода за

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

**1.** Во заложбите за натамошна промоција на културните политики, Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија и Министерството за култура ја донесе Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија 2018-2022 година (Службен весник на РМ бр 81/18), во натамошниот текст: Националната стратегија. Иако во Националната стратегија принципот на еднакви можости не е директно вклучен во стратешките цели и приоритети, овој стартешки документ се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право. Националната стратегија е основен стратегиски документ за областа на култура, како за работа на Министерството за култура така и за други субјекти кои делуваат во полето на културата. Националната стратегија поаѓа од јасно определена визија за развој на културата во Република Македонија и од основната мисија што треба да ја спроведува Министерството за култура во периодот 2018 - 2022 година. Исто така, Националната стратегија утврдува општи и поединечни цели, кои произлегуваат од согледување на состојбите во културата во претходната деценија. Притоа, овој документ определува принципи и насоки за идниот стратегиски развој и назначува различни приоритети во дејностите од културата. Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија во период од 2018 – 2022 година се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен,

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право. Оттаму, таа се застапува за професионализација, институционална и вонинституционална автономија, департизација и децентрализација во дејствувањето во социо-културниот контекст.

Поаѓајќи од потребата за градење силна и стабилна демократија, општите цели на Стратегијата е да се овозможат еднакви културни права за сите, и да се создадат услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културните идентитети.

Стратегијата предвидува овозможување на културни можности за секого:

- Да се поттикнуваат уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал.
- Да се негуваат уметничката извонредност, експеримент и иновација.;
- Да се овозможи достапност и учество во културните процеси.
- Да се вложува во развојот на публиката и на културните потреби на граѓаните.

Културен капитал, разновидност, соработка:

- Да се афирмира културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор.
- Да се негуваат македонскиот јазик, јазиците на заедниците и интеркултурната комуникација.
- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-културниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација.
- Да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики.
- Да се зајакне независниот културен сектор како важен социокултурен чинител.
- Да се развиваат регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена.

**2**. Превземање иницијатива за стимулирање на мерките за родово-буџестко финансирање во годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2019 година

Предвидени средства во Буџетот на Минситерствоото за култура за 2019 година за реализација на програмата за финансирање на интердисциплинарни проекти во рамки на кои влегува и категоријата „Трансдицпилпинарни проекти" (комбинација на уметност и други дејности:уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати и сл).

Оваа програма исто како и во 2018 година е остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, потчно приоротет 4.8 Независен културен сектор како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Тој опфаќа децентрализирани форми и силна, самоорганизирана култура надвор од постојните културни институции. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво. Стратегиска цел е културната и уметничката продукција да се етаблираат како неодминлив сегмент преку кој граѓанинот ќе може да го преобликува општеството. Според својата организациска и содржинска структура, независниот културен сектор може да го трасира ваквиот пат на градење културна политика втемелена на принципите на демократизација, демонополизација,

децентрализација и творечка автономија.

Со остварување на овој приоритет се планира стратегиското партнерство меѓу Министерството за култура и независниот културен сектор како катализатор и поврзувач на државните и на јавните интереси со сите други аспекти на културниот идентитет. Со давањето политичка релевантност на независниот културен сектор и со обезбедувањето структурна поддршка преку отворање посебен сектор на локално и на централно рамниште, ќе се започне сериозен процес на демократизација на културните политики. Независниот културен сектор е онаа хибридна, динамична сила што овозможува слоевити преклопувања, интерсекторски и интердисциплинарни артикулации и општествени интеракции преку кои се случуваат највибрантните промени во општеството. Неговото значење не се исцрпува само на планот на културниот развој, туку и во образованието, во развојот на критичката култура и во градењето стабилен социокултурен капитал.

Имено, Минстерството за култура на 29 септември 2018 година врз основа на член 62 од Законот за културата, во печатените весници „Независен весник" и „Коха" и на својата веб-страница ги објави Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2019 година по дејности и области. Во овој конкурс кој инаку се однесува на финансирање на дејностите од областа на културата, се поттикнува на финансирање на проекти кои покрај другото го вклучуваат и родовиот принцип, и тоа на следниот начин:
Во општиот дел од конкурсот во точката од конкурсот IV. ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОЕКТИТЕ ,- IV.1 во делот за Бодирање на проектите (максимум 100 бода): стои и дека „Дополнителни бодови се добиваат за промоција на еднакви можности за сите (мултикултурни вредности во општеството, родова рамноправност, инклузија на лица со посебни потреби, социјално ранливи групи итн.) – 5 бода.

Дополнително во општите приоритети во пријавите од посебните дејности стои дека ќе се поддржуваат проекти наменет за лица за со посебни потреби или за социјално-ранливи категории или за маргинализрани групи.

Во пријавата за Интердисциплинарни проекти наведено е дека може да се аплицира за Трансдициплинарни проекти, категорија 3, а под точката 3.1 Подготовка и реализирање на трансдициплинарни проекти (комбинација на уметост и други дејноссти, како на пример: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати и сл) а во општите приоритети покрај поддржување на лица со посебни потреби и социјално –ранливи категории е наведено дека ќе се поддржуваат и проекти кои третираат општествени теми со важност за заедницата.

Исто така во однос на планирање на буџетот и вклучување на принципот на родово Буџетирање, во Буџетот на Минисitерството за култура за 2019 година беа предвидени средтсва во износ од од 30.000.000 денари потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива ги нагласувам средствата предвидени во раздел 7-КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОГРАМА 72-МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ. Овие средства се разделуваа на носители на проекти по пат на објавени Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2019 година по дејности и области, а во областа интердисциплинарни проекти, една од категориите кои ќе се финансираат се „Трансдициплинарните проекти преку кои ќе се финанираат подготовка и реализација на Трансдициплинарни проекти (комбинација на уметност и други дејности , како на пример :уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати и сл.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Министерството за култура препознава дека работењето на еднаквоста честопати претполага имплементација на различни стратегии во дефинирање и ре-дефинирање на улогата на мажите и жените во историски контекст и го отвора прашањето на начинот на кој жените и мажите ги разбираат историските настани. Секоја политичка, интелектуална, религиозна, економска социјална или воена интервенција и промена има различни импликации на животот на мажите и жените, а оттаму и на севкупниот развој на општествата. Поаѓајќи од ваквото разбирање, МК во изминативе три години работеше на поддршка на инцијативи за промоција на научно-истражувачки проекти и проекти од областа на културата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата итн. во промовирање на жените како активн и учесници во овие случувања и како дел од светската историја. (Пр. улогата на жените низ војните низ вековите и/или во описите на творештвата на одредени познати историски ликови итн).

Се очекува дека на овој начин ќе се надминат стереотипите и низ позитивни примери, културни и едукативно воспитни иницијативи, ќе се поттикне намалувањето на родовиот јаз во областа на културата и унапредување на еднаквоста.

*- Број на реализирани проекти*

Во однос на реализација на проектите од точка 2 индикатори е бројот на реализирани Интердисциплинарни проекти, поточно од категоријата Трансдициплинарни проекти . Како резултат на оваа новина во 2019 година во категоријата Интердисциплинарни проекти, согласно одлуката на стручната Комисоја кои се објавени на интрнет страницата на Министертвото за култура на следната интренет адреса : http://kultura.gov.mk/interdisciplinarni_proekti/ беа поддржани вкупно 105 проект со вкупна сума од 32.595.000 денари од кои вкупно реализрани проекти во кои директно се вклучени и родовите политики и еднаквите можности на жените, се следните проекти :

**А)** Со годишната програма за интердисциплинарна дејност за 2019 година, поддржани се 9 проекти на жени носители на проекти како физички лица, со вкупен износ од 1.180.000 денари и тоа :

1) Валдета Касапи, проект: „Развој на медиумската култура и промовирање на културата во медиумите", одобрен износ: 150.000;
2) Лидија Ковачева проект: „Мулти-култ во воз до Стоби", одобрен износ:100.000;
3) Анета Филипоска, проект: „Само небото е граница", одобрен износ:70.000;
4) Зоја Бузалковска, проект: „Курс за актери и режисери по пристапот на Санфорд Мајснер", одобрен износ: 120.000;
5) Зага Колодезни, проект: „Ликовен инклузивен караван" одобрен износ: 280.000;
6) Валентина Толеска, проект: „Културно лето – Пештани 2019" одобрен износ:100.000;
7) Искра Димитрова, проект: „Библиографија на едно дело", одобрен износ:100.000;
8) Ивана Трајаноска – Стефановиќ, проект: „Студентска музичка пролет 2019", одобрен износ: 200.000

9) 0Ана Лазаревска, проект: „Себство“, одобрен износ: 60.000

**Б** Со годишната програма за интердисциплинарна дејност за 2019 година, поддржани се 8 проекти на жени носители на проекти како правни лица, со вкупен износ од 2.125.000 денари;

1) Друштво за продукција, трговија и услуги „КМК ПРОДУКЦИЈА“ ДООЕЛ, проект: „ГЛАСНА КУЌА“ одобрен износ: 60.000;

2) ЗЛУКР „АРТ ЕКВИЛИБРИУМ“, проект: „БОШ Фестивал 11“, одобрен износ: 350.000;

3) Здружение „Една може“, проект: „Скопско и се е можно“, одобрен износ: 100.000;

4) Здружение на жени Ромки „Есма“, проект: „Белези на мојот град“, одобрен износ: 50.000 денари;

5) ЈАДРО-Асоцијација на независната културна сцена, проект: „УЧЕСТВУВАМЕ, ЗАСТАПУВАМЕ, МЕНУВАМЕ - демократизација и децентрализација на јавните простори и јавните добра преку нов модел на институција на јавно-цивилно партнерство“, одобрен износ: 400.000 денари;

6) Здружение на уметници Македонски центар на Интернационален театарски институт/ПРОДУКЦИЈА, Скопје, проект: „Сирота мала богата драма 2019 - Драмски интерсекции 2019 (драматично или патетично)“, одобрен износ: 300.000;

7) Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, проект: „Програма на Локомотива во Кино Култура - простор за современи изведувачки уметности и современа култура“, одобрен износ: 800.000;

8) Здружение за права и хуманост „ИНТЕГРА НАУ“ - Скопје, проект: „КУЛТУРЕН КАМП - СПОЗНАВАЊЕ НА ВЛАШКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО“, одобрен износ: 65.000 денари;

Се вкупно средства 3.305.000 денари; поточно скоро 10 % од вкупниот буџет за финансирање на Интердисциплинарни проекти.

Напоменувме и дека, во рамките на Буџетот на Министерството за култура во 2019 година и Годишната програма која се добива врз основа на објавените конкурси, во конкурсните критеруми во 2019 година за останатиоте дејности, во општите приоритети со кои се оценуваат поднесените проектни пријави, во бодувањето беше додаден и критериум со кој се опфаќаат родово сензитивни прашања, теми и кои се однесуваа на група на директни или индиректни учесници во проектите и тоа дека ќе се поддржуваат. И тоаДополнителни бодови се добиваат за промоција на еднакви можности за сите (мултикултурни вредности во општеството, родова рамноправност, инклузија на лица со посебни потреби, социјално ранливи групи итн.) – 5 бода. Со овие бодови се оценети еден дел од проектите кои се апицирани првенствено како проекти од областа на уметничкото творештво, заштитата на културното наследство, меѓунаридната соработка и евроинтеграциите.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

- Родовите индикатори Индикаторите за следење на реалзција на активностите се предвидени со изработка на Стратешкиот план за работа на Министерствот за култура 2019-2021 година,
- Зголемен интрес за темата од институциите и граѓанските организции преку зголемен број на

| |
|---|
| одбрани проекти |
| **3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**<br>**- нема** |

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

1. Соработка со социјални партнери и невладини организции активни и на полето на еднаквите можности на мажите и жените останува иста како и во 20198 година. Имено станува збор за остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, поточно приоритет 4.8 Независен културен сектор како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Тој опфаќа децентрализирани форми и силна, самоорганизирана култура надвор од постојните културни институции. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво. Стратегиска цел е културната и уметничката продукциј а да се етаблираат како неодминлив сегмент преку кој граѓанинот ќе може да го преобликува општеството. Според својата организациска и содржинска структура, независниот културен сектор може да го трасира ваквиот пат на градење културна политика втемелена на принципите на демократизација, демонополизација, децентрализација и творечка автономија. Со остварување на овој приоритет се планира стратегиското партнерство меѓу Министерството за култура и независниот културен сектор како катализатор и поврзувач на државните и на јавните интереси со сите други аспекти на културн иот идентитет. Со давањето политичка релевантност на независниот културен сектор и со обезбедувањето структурна поддршка преку отворање посебен сектор на локално и на централно рамниште, ќе се започне сериозен процес на демократизација на културните политики. Независниот културен сектор е онаа хибридна, динамична сила што овозможува слоевити преклопувања, интерсекторски и интердисциплинарни артикулации и општествени интеракции преку кои се случуваат највибрантните промени во општеството. Неговото значење не се исцрпува само на планот на културниот развој, туку и во образованието, во развојот на критичката култура и во градењето стабилен социокултурен капитал.

Основање одделение за развој и финансирање на современи независни интермедијални и интердисциплинарни културни и уметнички практики при Министерството за култура и издвојување на буџетска ставка за развој на интердисциплинарни современи културни и уметнички практики е е ден од приоритетите дадени точката 4.8.2 од стратегијата.

Во програмата за интердисциплинарн проекти се опфаќаат проекти во кои се директно вклучени и родовите политики и родовите принципи и тоа: Мултидисциплинарни проекти (сложени проекти со паралелни активности во различни уметнички дејности, кои не се нужно меѓу себе тематски поврзани, Интердисциплинарни проекти (сложени проетки кои обработуваат една тема со активности или комбинација и комбинација на активности и пристапи од повеќе уметнички дејнсот и социокултурни области), Трансдисциплинарни проекти, (комбинација на уметност и други дејности , како на промер: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати и слично), Нови модели на јавни простори во културата (развој на нови модели на јавни простори во културата и поддршка на работата на постојни јавни простори во културат кои дејствуваат интердисциплинарно).

Основната намена на оваа програма е да се поттикне финансирањето на проекти кои одстапуваа од досегашната традиционална поделба на уметничките сфери. Министерството за култура од конкурсниот циклус за 2018 година, воведе целосно нова конкурсна апликација за интердисцип линарни проекти, со

што ја демонстрира и во пракса заложбата за приклучување на македонската култура кон современите и иновативни светски трендови во културата,а оваа програма продолжи да се реализира и во 2019 година.
2. Во однос на соработка со невладини органзции кои се од областа на родвите политики, еднакви можности на жените и мажите и зајкнување на позицијата на жените, Координаторот за еднакви можности остварува соработка со Канцеларијата на UNWOMEN во Скопје, Здружението Една може, здружение Реактор-Скопје, здружение We effect-Скопје.
Министерството за култура секоја година доставува и листи со здруженија на граѓани со кои соработува и до генералниот секретаријат на Владата на РСМ.
3. Во Министерството за култура, по предходен испратеен допис, беше дистрибуиран јавниот повик за Менторска програма за учество на вработени жени во јавниот сектор наменета за јакнење на позицијата на жените во јавниот сектор. Програмата ја води Министерството за труд и социјална политика во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Македонија На повикот се јави Љумтурије Зајази, како советник во одделението за боблитечна дејност, со своја апликација директно до Мисијата на ОБСЕ во Македонија и беше избрана да учествува како жена -меторка.Во меѓувреме Љумтурије зајази е унапредена во Раководител на Одделение за

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**Во прилог е дадена табела со број на вработени во Министерството за култура разделена по статус на вработен, образование, пол, национална припадност.**

| Статус на вработен | Македонци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 13 | 28 | 4 | 10 | 1 | 0 |
| **Нераководни** | 11 | 30 | 0 | о | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **55** | **79** | **9** | **17** | **1** | **0** |
| Статус на вработен | **Албанци** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 4 | 2 | 4 | 2 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 24 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **28** | **14** | **4** | **2** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Турци** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Власи** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |

| | ВСС | | ССС/ВШС | | ОО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **Раководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Власи** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Бошњаци** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Роми** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Статус на вработен | **Срби** | | | | | |
| | **ВСС** | | **ССС/ВШС** | | **ОО** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Раководни** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Нераководни** | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1** | **2** | **1** | **0** | **0** | **0** |

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

**/**

| 5. | РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ: |
|---|---|

| |
|---|
| **5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**<br>**Опишете според:**<br>**а) Постигнати резултати**<br>**б) Реализирани активности**<br>**в) Индикатори за мерење успешност**<br>**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**<br>-Согласно Стратегијата за Родова еднаквост, Министертво за култура нема предвидено активности |
| **5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**<br><br>- **Делумно во описот на работни места кои ги обавува Заменик-координаторот за еднаквио можности, и тоа :**<br>- Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 16. Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, поддточка 16.2. Одделение за афирмирање, унапредување и објавување на културното творештво и за грижа, негување и презентирање на културното наследство на припадниците на заедниците во РМ за работно место под реден број 204"Помлад соработник за негување и презентирање на културното наследство на припадниците на заедниците во РМ " во делот број на извршители" бројот "2" се заменува со бројот "3", а во делот работни задачи и обврски се додава нова алинеа:<br>"Помага во прибирање на податоци за состојбата со родовата рамноправност во министерството"<br>- Координатор за еднакви можности е назначена со назначен со допис бр. 04-7981/2 од 04.07.2019 е на работна позиција „Советник за одбраната и цивилната заштита со следните обврски:<br>- учествува во спроведувањето на прописи што ја герулираат проблематиката од областа на одбраната и цивилната заштита и заштита на културните добра во услови на воена и кризна состојба,елементарни непогоди,и предлага мерки за справување со кризна состојба,како и мерки за спроведување на одбраната,цивилната заштита и заштита на културните добра и спроведување на мерките за приправност ;<br>- изготвува информациии извештаи за состојбата од оваа област и се грижи за реализација на средствата за оваа намена;<br>- се грижи за обезбедување,користење и заштита на класифицираните информации за одбраната и заштитата во министерството;<br>- врши надзор и предлага мерки за подготовките на одбраната,цивилната заштита и заштитата на културните добра во институциите од областа на културата во министерството;<br>- изготвува регистар на меморијални<br>- споменици и води централен регистар на спомен-обележјата |

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

**Дали тие во обуките се јавиле како:**

**а) слушатели**

**б) обучувачи**

5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:

**а) координаторот за еднакви можности**

- Координаторот за еднакви можности Нада Пешева (назначена од Министерот за култура со допис бр. број 04-7981/2 од 04.07.2018) ги следеше и следено следните обуки;

- Учество во изработка на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Северна Македонија, кластер Локална самоуправа,втора дискусија 30.01 2020, во зградата на Владата на Република северна Мкедонија. Кластерот локална самоуправа се фокусира на следново: Градење на политики и мерки за развој на интеркултурализмот на локално ниво. Изнаоѓање на институционални форми во рамките на Уставот и законите за зајакнување на дијалогот, толеранцијата и солидарноста во локалните заедници, за развој на општествената кохезија на локално ниво, особено во рурални заедници, со посебен акцент на родовата рамноправност, еднаквите можности и социјалната инклузија. Министерството за култура состави и мислење до Генералниот Секретаријат на Владата на РСМ за услојување на Нацрт-верзијата на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Северна Македонија;
- Присуство на Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2017 година во рамки на Деветтата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија на 5 февруари 2019 година ,
- Присуство на промоција на проект за Родово одговорно буџетирање, UN WOMAN, 29 март 2019 Клуб МКЦ;
- Учество на обука за недискриминација, со цел градење на капацитетите на државната админиситрациј во рамките на активностите на Министерството за труд и социјална политика. 16 Април 2019 од 10:00 до 16:00 часот во Клуб на пратеници,
- Учество на обука за „Родова перспектива во намалување на ризици од катастрофи", во организација на Центар за управување со кризи, 22 мај 2019, Хотел Континентал;
- Присуство на Конференција на тема "Размена на добри практики за недискриминација – работата на австриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост",„ANTI-DISCRIMINATION –EXCHANGE ON GOOD PRACTICES AND CHALLENGES, WORK OF THE AUSTRIAN EQUALITY INFRASTRUCTURE AND THE NATIONAL EQUALITY INFRASTRUCTURE", МТСП во соработка со Мисијата на OSCE и Град Виена, Хотел Мериот, Скопје 21.05.2019 година;
- Учество на сесија во рамки на проектот TAIEX Twinning Review Mission Support to the Implementation of Gender Equality 27-30.2019, 29 мај во просториите на МТСП;
- Учество на националната конференција за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата на 27/28 јуни 2019 во Скопје, Клуб на Пратениците, во организација на МТСП и Советот на Европа;
- Учество на обука за вклучување на родовата перспектива во стратешко планирање во рамки на проект за Родово одговорно буџетирање, МТСП со Канцеларијата на UN Woman-Скопје, 04 септември 2019, во хотел Александар 2 во Скопје;
- Присуство на Десеттата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија за 12 септември 2019 година (четврток) со почеток во 11.00 часот, во Сала „Борис Трајковски" во зградата на

Собранието на Република Северна Македонија- Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година;

- присуство на јавната расправа на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РСМ,
- присуство на дебатата на 20.11.2019 година во Клубот на пратеници,за Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, организатор МТСП

**б) заменик координатор за еднакви можности**

Заменик-.за еднакви можности м-р Емина Шемо во текот на (назначена од Министерот за култура со допис бр. број 04-7981/2 од 04.07.2018) има следено 1 дебата/презентација во Клубот на пратеници заради тоа што подолго време беше одсутна од здравствени причини.

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:** Со оглед на тоа што Координаторот и заменик координаторот се номинирани со допис бр 04-7981/2 од 04.07.2018 година, стекнатите знаења од извршение обуки за Родово Буџетирање и Стратешко планирање ќе бидат пренесени при изработката на Стратешките планови и Годишните планови за работа на Министерството за култура, согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програм за работа на Владата на РСМ. При тоа стекнатите знаења за родово буџетирање и за одредување на родови индиикатори при следење на програмите, ќе бидат имплементирани при подговка на овие документи во соработка со одговорните лица од Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење. Исто така, стекнатите искуства може да се предадат преку давање предлози за нови програмски активности кои се однесуваат на подобрување на статуст на жената.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

- Во соработка со Секторот за еднакви можности при Минисретвот за труд и социјална политик и UN WOMAN, беше потегната иницијатива за вклучување на националните културни установи во обуки за родово буџетирање. Овие обуки се спроведоа директно под координација на МТСП и во нив беа вклчено претстивици од НУ Музејот на македонската борба. Обуките се оддржаа во текот на месец ноември/декември 2019 година.
- Во рамките на оддржаните седници на Комисјата за еднакви можности во собраниет на Република Северна Македонија, Координаторот за еднакви можности во повеќе прилики укажа на потребата местото Координатор и Заменик Координатор за еднакви можности да се предвиди во систематизацијата на работни места во ОДУ како посебно работно место, по што е профатен предлогот и влезен во заклучоците од спроведената Деветта седница на Комисјата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија , шт се оддрќа на 5 февруари 2019 година.

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**

Иницијативата за вклучување на националните културни устанви во обуки за стратешко планирање и родово буџетирање.

## *6.* ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

- Потреба од собирање на поетални родово разделеи податоци за финанираните проектим Со цел добивање на вистинска слика за бројот на финансирани проекти во Минстерството за култура во кои се вклчени жени како главни носители на проектите, или пак кои обработуваат родови теми, а со тоа и вистинска слика за број и сума на финанисирани проектим потребно е да се воведе собирање на родово разделени податоци, при процедурите на обработка на аплицираните проекти. За таа цел испратен е предлог до Кабинетот на Министеррот во објавувањето на конкурсите во текот на 2020 година, а кои ќе се однесуваат и за 2021 година, во проектните апликации да се воведе графа во која ќе се забележуваат број на жени кои учествуваат во реалзција на истите како носители или ученцители.

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

/

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

- Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост од родовата перспектива, Вклучување на Родовото буџетирање во планирање на буџетот и програмата за 2019 година, и воведувањети на родово сензитиовни критериуми при ценување на апликациите кои беа доставени на Годишниот конкурс за 2019 година, ја поттикнува свеста за постоење на родово сензитивни проекти од областа на уметноста и дека родовиот пронцип може да се вклулчи и во навидум родово неутрално пректи од областа на културата.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

***7.1.* Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

- Воспоставување соработка со UN WOMAN, и останати организции и здруженија на граѓани кои ги обработуиваат родовите прашаеа, и подобрување на соаботката со Министертвото за труд и социјална политика

-Поголемо вклучување на родовата перспектива во работата на Министерството за култура

-Имплементација на Националната стратегија за развој на културата (2018-2022)

- Утврдување на квантитативен индикатор (родова статистика) за број и процент на поддржани програми во 2020-2021 година. Залагање да се воведе родов параметар (статистички поделен на број на мажи и жени и слично) при обработка на доставените апликации на објавените повици и конкурси за финаирање на проекти и самостојни уметници, кои се однесуваат на Буџетот за 2020/2021 година, но и при обработка на други податоците кои се во надлежност на Министерство за култура

- Зголем број на поддржани родово сензитивни проекти и буџетски програми во Министерството за култура во 2020 година.

## *8.* ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

- Механизмите за родова екнаквост можат да бидат поефикасни доколку се воведе посебно

работно место–Координатор за еднакви можности во Министерството за култура како ОДУ и Заменик-Координатор за еднакви можности, за да може да се спроведат обрските кои произлегуваат од Законот за еднакви можности, Законот за Буџет, Стратешкото планирање и слично. кои се

- Спроведување на обуки и за вработените на националните установи од обласат на културата за стратешко планирање и родово програмирање и буџетирање

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

- Со оглед на тоа што актуелната Стратегија за родова еднаквост не го вклучува директно Министертвото за култура од аспект на програмски актовности, предлагаме и Вклучување на Министерството за култура при изработка на новата Стратегија за родова еднаквост.